# ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
# „ЧИСТ ДЕН”- о.РАНКОВЦЕ

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ЧИСТ ДЕН
БР. 01-15/1
30.01 2017 ГОД.
РАНКОВЦЕ

# ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА НА Ј.К.П. „ЧИСТ ДЕН” – о.Ранковце
## ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2017 ГОДИНА

**Предлага:**

Директор на Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“- о.Ранковце

**Усвојува:**

Управен Одбор на Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“ -о.Ранковце

**Дава согласност:**

Совет на Општина Ранковце

**Основ:**

Закон за јавни претпријатија, Закон за комунални дејности, Закон за снабдување со вода за пиење и одвод на урбани отпадни води, Закон за собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад, Закон за јавна чистота, Закон за животна средина .

**РАНКОВЦЕ, Јануари 2017**

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
„ЧИСТ ДЕН”- о.РАНКОВЦЕ

# ПРОГРАМА

ЗА РАБОТА НА Ј.К.П. „ЧИСТ ДЕН” – о.Ранковце
ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2017 ГОДИНА

**Предлага:**

Директор на Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“- о.Ранковце

**Усвојува:**

Управен Одбор на Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“ -о.Ранковце

**Дава согласност:**

Совет на Општина Ранковце

**Основ:**

Закон за јавни претпријатија, Закон за комунални дејности, Закон за снабдување со вода за пиење и одвод на урбани отпадни води, Закон за собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад, Закон за јавна чистота, Закон за животна средина .

**РАНКОВЦЕ, Јануари 2017**

**СОДРЖИНА**

ПРЕДГОВОР ..... 3
1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ ..... 4
1.1. ОСНОВАЊЕ / ПРАВНА ФОРМА ..... 4
1.2. ДЕЈНОСТ ..... 4
1.3. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ ..... 4
1.4. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА НА Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН-О.РАНКОВЦЕ ..... 5
1.5. ПЛАТЕН ПРОМЕТ..... 5
1.6. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ ..... 5
1.6.1. УПРАВЕН, НАДЗОРЕН ОДБОР И ДИРЕКТОР ..... 5
1.7. ПОСТОЈНА СОСТОЈБА, ДЕЛОКРУГ И ОБЕМ НА РАБОТА НА Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН-О.РАНКОВЦЕ ..... 6
**2. ОПЕРАТИВЕН ДЕЛ** ..... 6
**2.1. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНА СЛУЖБА** ..... 6
2.1.1. ВОВЕД ..... 6
2.1.2. СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ..... 6
2.1.2.1 САНИТАРНА КОНТРОЛА И МОНИТОРИНГ НА РАБОТАТА НА ВОДОВ. СИСТЕМИ ВО О.РАНКОВЦЕ. ... 8
2.1.3. СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ ОТПАД И ЈАВНА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА О.РАНКОВЦЕ ..... 9
2.1.4. ОДРЖУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА О.РАНКОВЦЕ ..... 10
2.1.5. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА О.РАНКОВЦЕ ..... 10
2.1.6. ВРШЕЊЕ НА ЈАВЕН ПРЕВОЗ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА О.РАНКОВЦЕ ..... 10
2.1.7. ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПРЕМЕНОСТА НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА..... 11
**2.2. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА** ..... 11
2.2.1. ВОВЕД ..... 11
2.2.2. ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ..... 11
2.2.3. ПРОШИРУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА КОРИСНИЦИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА НАПЛАТАТА НА ИЗДАДЕНИТЕ СМЕТКИ ..... 12
2.2.4. УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЗАКОНСКИТЕ ОБВРСКИ ..... 12
2.2.5. НАДЗОР НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ..... 12
**2.3. ФИНАНСИСКИ ПЛАН – ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА Ј.К.П ЧИСТ ДЕН ЗА 2016 ГОДИНА** ..... 12
2.3.1. ВОВЕД ..... 12
2.3.2. ТРОШОЦИ ЗА ПЕРИОД 01.01.-31.12.2017 ГОДИНА ..... 12
2.3.3. ПРИХОДИ ЗА ПЕРИОД 01.01.-31.12.2017 ГОДИНА ..... 13

## ПРЕДГОВОР

Почитувани жители на Општина Ранковце,

Задоволство ми е да Ви ја претставам Програмата за работа на Ј.К.П. „ ЧИСТ ДЕН” – Ранковце за 2017 година. Оваа Програма претставува продолжување на напорите за остварување на поставената визијата за Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“. Програмата е специфично насочен документ за работа на Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“ и предлага практични и финансиски изводливи решенија за приоритетните проблеми во работењето, прилагодени кон локалните карактеристики, предности и можности.

Во нашата средина најголем капитал се луѓето, тоа значи дека во таа средина треба да обезбедат чиста вода, чиста почва, чист воздух, здрава храна, услови за развој и напредок. Количината и видот на отпад кој го создаваме и начинот на справување со отпадот значително влијае на природните ресурси, затоа што со несоодветно управување со отпадот, нив неповратно ги губиме. Како индивидуални создавачи на отпад, ние мора да водиме сметка колку отпад создаваме, каде го депонираме и да бараме решенија да го намалиме и да управуваме со него на безбеден начин, затоа што секој кој создава отпад носи одговорност за влијанието што тој отпад го врши врз животната средина и здравјето на луѓето.

Програмава има за цел да помогне на Локалната самоуправа, Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“, како и на граѓаните на о.Ранковце, да се справат со предизвиците и да им го олесни патот кон постигнување на квалитетен живот преку:

- Создавање услови за ефективно управување со водните ресурси и отпадните води;
- Создавање услови создадениот отпад, безбедно да се одстрани, употреби или преработи
- Примена на докажаните позитивни практики во управувањето со ресурсите.

Реализирајќи ја Програмата, на најдобар начин и во најголема можна мерка, ќе направиме неколу чекори напред во обезбедувањето на квалитетен живот во Општина Ранковце.

Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“ - о.Ранковце
вд директор
Трајковски Небојша

# 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Назив на субјектот: **Ј.К.П. „ЧИСТ ДЕН”**
Седиште на субјектот: **с. Ранковце, населено место без уличен систем**
ЕДБ на субјектот: **MK4015006105922**
ЕМБ на субјектот: **6170528**

## 1.1. ОСНОВАЊЕ / ПРАВНА ФОРМА

Јавното комунално претпријатие Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“- о.Ранковце е основано со Одлука за основање на јавно претпријатие бр.07-575/3 од 06.11.2006 год. на Советот на Општина Ранковце. Согласно Законот за јавните претпријатија Управниот Одбор на Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“- о.Ранковце на 09.02.2007 година донесе Статут кој претставува основен акт во работењето на претпријатието.

## 1.2. ДЕЈНОСТ

Претпријатието ги врши следните дејности:

1 – Собирање, обработка и снабдување со вода;
2 – Собирање, одведување и третман на отпадни води;
3 – Собирање и третман на останатиот отпад;
4 – Погребни и придружни активности;
5 – Поставување на водоводни инсталации;
6 – Изградба на објекти на нискоградба;
7 – Уредување и одржување на животната средина и природата;
8 – Поправка на електрична опрема;
9 – Друг патнички копнен транспорт, неспомнат на друго место;
10 – Останати услуги на чистење, неспомнати на друго место;

Врши други дејности согласно со Закон, Статутарни одлуки и Програма на Советот на о.Ранковце.
Овластено лице за застапување на Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“- о.Ранковце со трети лица е вд директорот Трајковски Небојша.

## 1.3. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“- о.Ранковце се класифицира во мали - микро претпријатија и е организирано на начин со кој се обезбедува оптимално вршење на дејностите за кои е основано.
Организационата структура на претпријатието е следна:



## 1.4. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ , КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА НА Ј.К.П. „ЧИСТ ДЕН”- О. РАНКОВЦЕ

Бројот на вработените во Ј.К.П. „ ЧИСТ ДЕН” – Ранковце со состојба на ден 31.12.2016 год. изнесува 12+1.

- **вд Директор**
- **Помошник директор за оперативно-технички работи (ОТР).........1 вработен**
- **Стручна служба ........................................................................ 9 вработени**
- **Административна служба ............................................................ 2 вработени**

Ј.К.П. „ ЧИСТ ДЕН” – Ранковце во законскиот рок ке го изготви и достави Годишниот План за вработување за 2017 год. во кој ќе бидат предвидени новите вработувања кои ќе зависат од започнување со извршување на дејноста Јавен општински превоз. Во случај на зголемена потреба од привремени работници истите ке бидат вработувани согласно законските права и обврски .

Квалификационата структура на редовно вработените работници е следна:

| Ред. бр. | Степен на завршено образов. | Број на работници / Мажи-Жени |
|---|---|---|
| 1. | ВСС-7/1 степен | 2/2-0 |
| 2. | ВШП-6/1 степен | 0/0-0 |
| 3. | ССС-4 степен | 3/2-1 |
| 4. | ССС-3 степен | 2/2-0 |
| 5. | Основно образование | 4/4-0 |
| 6. | Без основно образование | 2/2-0 |
| | **Вкупно** | **13/12-1** |

Старосната структура на редовно вработените работници е следна:

| Ред. бр. | Возраст | Број на работници - Мажи/Жени |
|---|---|---|
| 1. | 20-30 години | 1/1-0 |
| 2. | 30-40 години | 3/3-0 |
| 3. | 40-50 години | 7/6-1 |
| 4. | 50-60 години | 2/2-0 |
| 5. | Над 60 години | 0/0-0 |
| | **Вкупно** | **13/12-1** |

## 1.5. ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Платниот промет Јавното претпријатие го извршува преку:
**Жиро сметка ___________________________________ Депонент во ______________**
Денарска сметка 210-061705280150 ..................................НЛБ Тутунска Банка АД-Скопје

Средствата за работење на Ј.К.П. „ ЧИСТ ДЕН” – Ранковце се обезбедуваат од извршување на дејностите опишани во делот на дејности , претежна дејност на претпријатието е:

- Собирање, обработка и снабдување со вода;
- Собирање и третман на останатиот отпад;

## 1.6. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

### 1.6.1. УПРАВЕН , НАДЗОРЕН ОДБОР И ДИРЕКТОР

Органи на управување на Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“- о.Ранковце се:

- Управен одбор составен од 5 (пет) члена, со мандат од 4 (четири) години кои ги именува и разрешува Советот на о.Ранковце,

- Надзорен одбор за вршење на контрола на материјално - финансиското работење составен од 5 (пет) члена, со мандат од 4 (четири) години, исто така избрани и именувани од Советот на о.Ранковце,
- Директор, со мандат од 4 (четири) години, кого го именува, односно разрешува градоначалникот на о.Ранковце по пат на јавен конкурс и на начин утврден со закон.

  Членови на Управен одбор се:
  - Марковски Зоран - претседател,
  - Бојковски Дејанче – член
  - Стефановски Горан – член
  - Симоновска Грозданка – член
  - Цветковска Анета – член

  Членови на надзорен одбор се:
  - Петковски Горан – претседател
  - Стефановски Мирко – член
  - Ѓорѓиевска Елена – член
  - Атанасовски Благоја – член
  - Трајковски Круме – член

### 1.7. ПОСТОЈНА СОСТОЈБА, ДЕЛОКРУГ И ОБЕМ НА РАБОТА НА Ј.К.П. „ЧИСТ ДЕН” - РАНКОВЦЕ

Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“- о.Ранковце е лоцирано во централниот дел на с.Ранковце во близина на општинската зграда. Деловните простории се сместени во објект со површина од околу 20 $m^2$. На располагање на Ј.К.П. „ ЧИСТ ДЕН” – Ранковце е и една монтажна барака со површина од 60 $m^2$ и простор од 25 $m^2$ кои се користат како магацински простори.

Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“ е со работно време од $07^{30}$:$15^{30}$ часот, додека дежурна служба е во функција 24 часа на ден, 365 дена во годината, што значи дека нема прекин во работата. Ова го наложува самата работа, односно го наметнува специфичноста на дејноста.

# 2. ОПЕРАТИВЕН ДЕЛ

## 2.1. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНА СЛУЖБА;

### 2.1.1. ВОВЕД

Во оваа служба планираните активности во 2017 година ке се одвиваат во следните полиња :

1- Снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води;
2- Собирање и депонирање на отпад и јавна чистота;
3- Одржување на пазари;
4- Одржување на јавно улично осветлување;
5- Јавен општински превоз;

Бидејки Ј.К.П. „ЧИСТ ДЕН” сеуште нема услови за потполнување на сите систематизирани работни места за оваа служба за реализирање на планираните активности ке се користат заеднички ресурси со другите служби или надворешни услуги.

### 2.1.2. СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Во 2017 година приоритет на сите вработени ке биде доприносот да се подобри водоснабдувањето во о.Ранковце, а посебен акцент ке се посвети на напорите да се обезбеди доволно количество вода во летниот период.

Планирани активности за одржување и изградба на водоводни и канализациони мрежи за 2017 година за:

**РЕОН РАНКОВЦЕ**

СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ (ВОДОВОД)

- Тековно одржување на водоводниот систем;
- Комплетирање на заштитната ограда околу резервоарите и пумпните станици;
- Поставување на регулаторни и мерни уреди на водоводната инсталација за следење на производството и потрошувачката на водата;

ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ (КАНАЛИЗАЦИЈА)

- Редовно чистење и одржување на канализационата мрежа;

**РЕОН ГИНОВЦИ**

СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ (ВОДОВОД)

- Тековно одржување на водоводниот систем;
- Комплетирање на заштитната ограда околу резервоарите и пумпните станици;
- Поврзување на водоводниот систем за с.Петралица со водоводниот систем „Три Кладенци” преку разделната шахта во с.Петралица ;
- Поставување на филтер и уред за хлорирање во резервоарот во с.Гиновци;
- Поставување на регулаторни и мерни уреди на водоводната инсталација за следење на производството и потрошувачката на водата;

ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ (КАНАЛИЗАЦИЈА)

- Редовно чистење и одржување на канализационата мрежа;
- Одржување на прочистителната станица во с.Гиновци;

**РЕОН ПЕТРАЛИЦА**

СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ (ВОДОВОД)

- Тековно одржување на водоводниот систем;
- Комплетирање на заштитната ограда околу резервоарите и пумпната станица;
- Санација и изградба на нови захфати и бунар за вода во планинскиот предел на најсоодветно место кое ке се одреди со проектна документација;
- Санација на водоводната мрежа Дикина Маала-Германци во должина од околу 1.500 метри;
- Поставување на филтер и уред за хлорирање во разделната шахта на Калчински Ан  во с.Петралица;
- Поставување на регулаторни и мерни уреди на водоводната инсталација за следење на производството и потрошувачката на водата;

ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ (КАНАЛИЗАЦИЈА)

- Редовно чистење и одржување на канализационата мрежа;

**РЕОН ПСАЧА**

СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ (ВОДОВОД)

- Тековно одржување на водоводниот систем;
- Поставување на филтер и уред за хлорирање;
- Поставување на регулаторни и мерни уреди на водоводната инсталација за следење на производството и потрошувачката на водата;

ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ (КАНАЛИЗАЦИЈА)

- Нема изградено канализациона мрежа;

**РЕОН ОПИЛА-ЉУБИНЦИ**

СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ (ВОДОВОД)

- Тековно одржување на водоводниот систем;
- Комплетирање на заштитната ограда околу резервоарот и пумпната станица;

- Модификација на кракот с.Бабунци – с. Котаринци со цел жителите во с.Котаринци да добијат вода за пиење;

ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ (КАНАЛИЗАЦИЈА)
- Нема изградено канализациона мрежа;

**РЕОН ОДРЕНО**

СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ (ВОДОВОД)
- Тековно одржување на водоводниот систем;
- Санација на резервоарот и комплетирање на заштитната ограда околу резервоарот и пумпната станица;
- Поставување на регулаторни и мерни уреди на водоводната инсталација за следење на производството и потрошувачката на водата;

ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ (КАНАЛИЗАЦИЈА)
- Нема изградено канализациона мрежа;

**РЕОН ОТОШНИЦА**

СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ (ВОДОВОД)
- Тековно одржување на водоводниот систем;
- Санација на заштитната ограда околу резервоарите;
- Санација и изградба на нови захфати и бунар за вода во планинскиот предел на најсоодветно место кое ке се одреди со проектна документација;
- Поставување на филтер и уред за хлорирање над резервоарот R1 во с.Отошница;
- Поставување на регулаторни и мерни уреди на водоводната инсталација за следење на производството и потрошувачката на водата;
- Реконструкција и санација на водоводните шахти кои и покрај релативно новата градба се во доста лоша состојба.
- Доизградба на кракот за Маала Терзијци;

ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ (КАНАЛИЗАЦИЈА)
- Нема изградено канализациона мрежа;

**РЕОН РАДИБУШ**

СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ (ВОДОВОД)
- Комплетирање на заштитната ограда околу резервоарот;
- Санација и изградба на нови захфати и бунар за вода во планинскиот предел на најсоодветно место кое ке се одреди со проектна документација;
- Поставување на филтер и уред за хлорирање во резервоарот во с.Радибуш;
- Поставување на регулаторни и мерни уреди на водоводната инсталација за следење на производството и потрошувачката на водата;

ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ (КАНАЛИЗАЦИЈА)
- Нема изградено канализациона мрежа;

Бунар за вода за пиење се планира де се изгради во с. Пклиште со длабочина од најмногу 10 метри бидејќи самата структура на планираната локација за ископ на бунар е богата со вода затоа сметаме дека нема да има потреба од бунар со поголема длабочина. Водата од бунарот по природен пат(вакум систем) ќе се поврзе со доводната водоводна мрежа на с. Отошница и оттука со доизградба на водоводниот крак за маала Терзици во с. Радибуш ќе со појача и дотурот на вода за с.Радибуш и с. Ранковце. Со реализација на овој проект ќе се реши повеќегодишниот проблем со недостиг на вода во летниот периодот во овие реони (Отошница, Радибуш, Ранковце) односно ќе биде решен проблемот со вода за пиење на околу 600 домаќинства или приближно околу 1800 жители на општина Ранковце.

Реализацијата на овој проект е приоритет на Општината и на ЈКП ЧИСТ ДЕН-Ранковце, бидејќи значително би се подобрил кавалитетот на водата за пиење во наведените места.

### 2.1.2.1 САНИТАРНА КОНТРОЛА И МОНИТОРИНГ НА РАБОТАТА НА ВОДОВОДНИТЕ СИСТЕМИ ВО ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Редовната контрола и мониторинг на квалитетот и количината на произведена и потрошена вода е секојдневна обврска, за таа цел планираме:

- Набавка на опрема за земање на примероци и примарна анализа на водата за пиење;
- Воведување на оперативни процедури и евиденција на работата на водоводните системи;
- Секојдневна контрола на водата за пиење од определените мерните
- места, санитарно-хигиенска контрола и надзор над објектите за водоснабдување;
- Редовни и вонредни физичко-хемиски и бактериолошки анализи на водата за пиење;
- Испирање и дезинфекција на водоводната мрежа по санација на дефекти;
- Градежно и хортикултурно одржување на објектите на ЈКП „ЧИСТ ДЕН";

## 2.1.3. СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ ОТПАД И ЈАВНА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА О.РАНКОВЦЕ

СОБИРАЊЕ ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ ОТПАД

- Со помош на о.Ранковце набавка на поново возило за собирање на отпад;
- Редовно собирање, транспорт и депонирање на насобраниот комунален отпад по утврдената динамика или вонредно;
- Поправка и замена на оштетените садови за собирање на отпад;
- Правилно одлагање и депонирање на собраниот отпад на депонијата „Чумбардино";
- Исполнување на обврските од Одлуката за комунален ред;
- Поставување на садови за собирање на секундарни суровини;
- Поставување на контејнери во есенскиот период за одлагање на растителен отпад;
- Поставување на садови за отпад и на потешко достапните места кои ке се собираат со помало возило;
- Едукација на жителите за правилно постапување со отпадот, негово намалување и рециклирање;
- Зголемена соработка со општинските органи за заедничко настапување со несовесните граѓани кои не ги почитуваат правилата за здрава животна средина;
- Подобрување на техничката опременост и стручноста на својот кадар со цел да се постигне организирано собирање и транспортирање на комуналниот отпад и подобра соработка со корисниците, што пак ќе има директно влијание на зачувување на животната средина;

Динамиката на собирање и транспортирање на комуналниот отпад од домаќинствата и стопанските субјекти на територијата на о.Ранковце е утврдена во зависисност од:

- густина на населеноста;
- количеството на создаван комунален отпад;
- социјалните, културните и останатите навики на граѓаните;
- инфраструктурните сообраќајни услови;
- видот и бројот на садови за сместување на отпадот;

Со цел редовно собирање и транспорт на комуналниот отпад од територијата на о.Ранковце, по населени места и работни денови ке се изработи и донесе распоред.

ЈАВНА ЧИСТОТА

- Поставување на контејнери на места каде граѓаните несовесно фрлаат отпад и создаваат диви депонии;
- Проширување на јавните површини кои ке бидат опфатени со програмата за јавна чистота на о.Ранковце;
- Ј.К.П. „ЧИСТ ДЕН” ке продолжи да се ангажира за собирање и расчистување на отпадот депониран на јавните површини од страна на несовесните граѓани т.е дивите депонии;
- Редовно чистење на јавните површини по утврдената програма и динамика или вонредно по барање на органите на Општината за време на државни празници, јавни манифестации и настани по предходен договор со организаторите.;
- Правилно одлагање и депонирање на собраниот отпад на депонијата „Чумбардино”;

Начинот и динамиката на одржување на Јавната чистота на територијата на општина Ранковце ќе се извршува врз основа на следниве клучни фактори:

- Димензиите, типот на јавните површини
- Начинот на одржување на јавната чистота
- Густина на населеноста, френфрекцијата на луѓе и моторни возила
- Инфраструктурните сообраќајни услови
- Културните навики на граѓаните и почитувањето на законските прописи

Распоредот на одржување на јавна чистота на територијата на о.Ранковце, по населени места и работни денови го донесува о. Ранковце.

### 2.1.4 ОДРЖУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА О.РАНКОВЦЕ

ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИОТ ПАЗАР

- Воведување на пазарен ред и потпишување на договори со секој корисник на услугите на пазарот;
- Наплата за закуп на пазарниот простор;
- Зголемување на бројот на пазарни тезги и со тоа и бројот на корисници на пазарните услуги;
- Редовно собирање и чистење на насобраниот отпад по секој пазарен ден;
- Во соработка со општинските органи да се работи на избор на нова локација за зелен пазар и изградба на пазар по сите стандарди;

### 2.1.5 ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА О.РАНКОВЦЕ

ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Со потпишувањето на договорот за одржување на Јавното улично осветлување со о.Ранковце, ЈКП ЧИСТ ДЕН врши изградба и одржување на уличните светилки по предходно добиен налог од одговорното лице од општината.

Заедно со о.Ранковце за 2017 година планирано е:

- Креирање на целосна слика за бројот на поставени светилки на мрежата за јавно осветлување (светилки поврзани на мерило, и светилки кои се наплаќаат паушално) ;
- Поправка на сите оштетени светилки и нивно понатамошно одржување;
- Проширување на мрежата на светилки кои ќе бидат поврзани со броило;
- Поставување на јавно осветлување на места каде е потребно;
- Вградување на уреди и инструменти за намалување и регулација на потрошувачката на електрична енергија;

### 2.1.6 ВРШЕЊЕ НА ЈАВЕН ПРЕВОЗ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА О.РАНКОВЦЕ

ЈАВЕН ОПШТИНСКИ ПРЕВОЗ

Со одлуката на Советот на Општина Ранковце со која Ј.К.П. „ЧИСТ ДЕН” - Ранковце изврши проширување на дејности и доби на користење на неопределено време два автобуси сопственост на Општина Ранковце се исполнија дел од условите за добивање на лиценца за општински превоз.
Во почетокот на 2017 година планираме комплетирање на документацијата и поднесувањето на истата за издавање на потребната лиценца.

- Подготвување на соодветен возен парк и кадар за вршење на дејноста;
- Извршување на превоз на ученици на ниво на општината;

### 2.1.7 ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПРЕМЕНОСТА НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА

ОПРЕМА СО КОЈА РАСПОЛАГА ОВАА СЛУЖБА:

- Специјално возило MAN за собирање отпад ............................................ 1
- Лесно патничко возило Lada 112 ................................................................ 1
- Мотор Трицикл (со договор за користење )................................................ 1
- Потопна пумпа за црпење на чиста вода .................................................. 1
- Платнено црево за вода............................................................................ 15 метри
- Моторна косачка тример .............................................................................. 1
- Рачен алат за земјени работи (копач, лопата, метла ) ................................ 5

  Рачен алат за водоводџиски работи (клешти, ножици, клучеви ) ............. 5
- Корпа за отпадоци 120 л. ............................................................................. 1
- Рачен електричен алат (дупчалка, брусалка ) ............................................ 2

ПОТРЕБНА ОПРЕМА И РЕСУРСИ НА ОВОЈ СЕКТОР:

**Машини и возила**

- Специјално возило за собирање отпад (камион / приколка ) до 10м$^3$...... 1
- Лесно патничко возило ............................................................................ 2

**Алати и опрема**

- Потопна пумпа за црпење на нечиста вода 2kw ...................................... 1
- Платнено црево за вода............................................................................ 30 метри
- Моторна пила ............................................................................................. 1
- Моторна пила ............................................................................................. 1
- Рачен алат за земјени работи (копач, лопата, метла ) .......................... 5 комплети
- Рачен алат за водоводџиски работи ..................................................... 2 комплети
- Рачен алат за електричарски работи .................................................... 1 комплет
- Рачен алат за авто-механичарски работи ............................................. 1 комплет
- Рачен електричен алат (Ударна дупчалка, брусалка, ) ........................ 1 комплет
- Метален резервоар со пумпа ( 4 000 литри ) за гориво ....................... 2

## 2.2. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА;

### 2.2.1. ВОВЕД

Во овој сектор планираните активности во 2017 година ке се одвиваат во три полиња :

1- Тековни активности;
2- Подобрување на наплатата на заостанатите долгови од правни и физички лица;
3- Усогласување со законските обврски;

### 2.2.2 ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

- Грижа за законитоста на работењето на Ј.К.П. „ЧИСТ ДЕН”
- Застапување на Ј.К.П. „ЧИСТ ДЕН” пред правосудните органи;
- Изготвување на договори и анекси на договори;
- Подготовка на тужби, предлози за извршување и наплата на заостанати долгови на физички и правни лица;
- Редовно месечно прочитување на водомерите на сите корисници и изготвување на сметки;
- Изготвува месечни прегледи и извештаи за работата на Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“ ;
- Други тековни активности;

### 2.2.3. ПРОШИРУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА КОРИСНИЦИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА НАПЛАТАТА НА ИЗДАДЕНИТЕ СМЕТКИ

Активностите на инкасаторите и администрацијата во 2017 година ке се насочат кон:

- Склучување на договори со секој корисник на услугите на Ј.К.П. „ ЧИСТ ДЕН";
- Редовно месечно читање на водомерите на сите корисници и изготвување на сметки;
- Евидентирање на нови корисници и промените кај постоечките;
- Побрза и полесна обработка на податоците;
- Подобра и побрза селекција на критичните наплати и навремено превземање мерки за наплата;

### 2.2.4 УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЗАКОНСКИТЕ ОБВРСКИ

Исполувањето на законските и подзаконските акти е приоритет во работењето на Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН", затоа во 2017 година се предвидени :

- Започнување на постапката за реализација на потребните фази од проектот „Подземен Катастар" ;
- Започнување на постапка за имплементација на обуки и упатства за „Безбедност при работа" ;
- Завршување на постапката за имплементација на HACCP системот;
- Усогласување на финансиското и сметководственото работење со измените во законите;
- Изготвување на формулари, правилници и акти за работењето;

### 2.2.5 НАДЗОР НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над извршувањето на Програмата на Ј.К.П. „ЧИСТ ДЕН" - Ранковце за 2017 година врши надлежниот општински орган – Одделението за испекциски надзор – Испекторат, испекторот за животна средина, надлежниот орган – Агенцијата за храна и ветеринарство преку нејзините испектори, и Центарот за Јавно Здравје – Куманово.

## 2.3. ФИНАНСИСКИ ПЛАН - ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА Ј.К.П. „ЧИСТ ДЕН" ЗА 2017 ГОДИНА

### 2.3.1. ВОВЕД

Во продолжение на програмава се образложени планираните приходи и расходи во 2017 година за Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН"- о.Ранковце:

### 2.3.2. ТРОШОЦИ ЗА ПЕРИОД 01.01.– 31.12.2017 година

**Трошоци за вработени**

1. Плати и надомести од плата ............................................................. 4.500.000,00 ден.

**ВКУПНО: 4.500.000,00 ден.**

**Трошоци за управни органи на Ј.К.П. „ЧИСТ ДЕН"**

1. Трошоци за У.О. ........................................................................... 40.000,00 ден.
2. Трошоци за Н.О. ........................................................................... 40.000,00 ден.

**ВКУПНО: 80.000,00 ден.**

**Трошоци за набавки**

1. Гориво, масла и мазива (нафта, бензин, плин, масла и мазива) ........ 700.000,00 ден.
2. Електрична енергија ........................................................................ 600.000,00 ден.
3. Телефонски услуги и интернет......................................................... 30.000,00 ден.
5. Канцелариски мебел и опрема ......................................................... 30.000,00 ден.
6. Алати и опрема за работа ................................................................. 80.000,00 ден.
7. Работни одела и обувки ..................................................................... 30.000,00 ден.
8. Потрошен канцелариски материјал .................................................. 30.000,00 ден.
9. Водоводни и канализациони материјали ........................................ 400.000,00 ден.
10. Делови за возила, машини ............................................................. 300.000,00 ден.
11. Средства за рекламации и донации ................................................ 20.000,00 ден.
12. Средства за одржување на јавна чистота ...................................... 10.000,00 ден.
13. Средства за анализи на водата за пиење ...................................... 70.000,00 ден.
14. Репрезентативни средства ............................................................... 50.000,00 ден.
15. Трошоци за службени патувања ..................................................... 20.000,00 ден.
16. Услуги со градежни машини ........................................................... 100.000,00 ден.
17. Услуги за поправка на возила и машини ....................................... 100.000,00 ден.
18. Пумпи и електро-материјали .......................................................... 200.000,00 ден.
19. Градежни материјали ........................................................................ 90.000,00 ден.
20. Садови за собирање отпад (контејнери 1,1 $м^3$ ) ............................. 130.000,00 ден.
21. Средства за прегледи, обуки и тренинзи на вработени ..................... 60.000,00 ден.
23. Средства за испол. на обврската за подземен катастар .................... 200.000,00 ден.
24. Средства за исполнување на обврската за безб. при работа .............. 50.000,00 ден.
25. Средства за исполнување на обврската за обезбедување ................ 200.000,00 ден.
26. Непредвидени трошоци ..................................................................... 50.000,00 ден.
27. Приколка за трактор........................................................................ 200.000,00ден.
28. Поволно Моторно возило..................................................................300.000,00ден

**ВКУПНО: 4.050.000,00 ден.**

---

**ВКУПНО ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2015 ГОДИНА : ......................... 8.630.000,00 ден.**

**2.3.3. ПРИХОДИ ЗА ПЕРИОД 01.01.– 31.12.2016 година**

**Приходи од физички лица**

1. Наплата на сметки (вода, канализација, комунален отпад) .............. 4.300.000,00 ден.
2. Нови приклучоци на водовод и канализација ...................................... 130.000,00 ден.
3. Други услуги ........................................................................................ 100.000,00 ден.

**ВКУПНО: 4.530.000,00 ден.**

**Приходи од правни лица**

1. Наплата на сметки (вода, канализација, комунален отпад).............. 2.000.000,00 ден.
2. Нови приклучоци на водовод и канализација ...................................... 10.000,00 ден.
3. Други услуги ......................................................................................... 30.000,00 ден.

**ВКУПНО: 2.040.000,00 ден.**

**Приходи од други дејности**

1. Јавна чистота ........................................................................................ 140.000,00 ден.
2. Одржување на јавно осветлување ....................................................... 100.000,00 ден.
3. Зелен пазар ........................................................................................... 130.000,00 ден.
4. Јавен општински превоз ..................................................................... 1.690.000,00 ден.

**ВКУПНО: 2. 060.000,00 ден.**

**ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА 2017 ГОДИНА : ......................... 8.630.000,00 ден.**

* Планираните приходи и расходи ке се реализираат само при започнување со вршење на дејноста Јавен општински превоз, за која имаме добиено согласност и ја имаме регистрирано во Централниот Регистар уште од почетокот на 2015 година а сеуште не започнато со извршување на таа дејност.

Програмата **останува отворен документ** за понатамошни подобрувања и евентуални дополнувања и измени.

Ј.К.П. „ЧИСТ ДЕН" – о.Ранковце

вд Директор

____________________________________

**ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА 2017 ГОДИНА : ......................... 8.630.000,00 ден.**

* Планираните приходи и расходи ке се реализираат само при започнување со вршење на дејноста Јавен општински превоз, за која имаме добиено согласност и ја имаме регистрирано во Централниот Регистар уште од почетокот на 2015 година а сеуште не започнато со извршување на таа дејност.

Програмата **останува отворен документ** за понатамошни подобрувања и евентуални дополнувања и измени.

Ј.К.П. „ЧИСТ ДЕН" – о.Ранковце

вд Директор

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЧИСТ ДЕН РАНКОВЦЕ